# ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

јуни 2021 бр. 23



Институт за човекови права

# ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.23

**ISSN: 1857-7644**

**Издавач:**
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

**За издавачот:**
Маргарита Цаца Николовска

**Главен и одговорен уредник:**
Манчо Митевски

**Заменик на главниот и одговорен уредник:**
д-р Весна Стефановска

**Лектор:**
Татјана Стојаноска

**Графички дизајн:**
Филомена Дода

**Контакт:**
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

**Контакт адреса:**
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
седиште: Киро Крстевски Платник 11-2/17
Скопје, 1000, Северна Македонија

**Скопје, јуни 2021 година**

*Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.*

# СОДРЖИНА

Едиторијал . . . . 4

СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
– Анета Стојановска-Стефанова и Христина Рунчева-Тасев . . . . 5

ПРИМЕНА НА ПРИНЦИПОТ НА СУПСИДИЈАРНОСТ ОД НАЦИОНАЛНИТЕ СУДОВИ VIS À VIS ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
– Маргарита Цаца Николовска и Весна Стефановска . . . . 14

ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ДЕТСКИ БОЛЕСТИ И ОДРЕДБАТА ОД ЧЛЕН 8 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: VAVŘIČKA AND OTHERS V. THE CZECH REPUBLIC)
– Мирјана Ристовска . . . . 22

ПРИРОДНИТЕ КАТАСТРОФИ КАКО ИЗГОВОР ЗА ПРОГОН НА РЕЛИГИСКИТЕ МАЛЦИНСТВА: КОВИД-19 И ЕРОЗИЈАТА НА СЛОБОДАТА НА РЕЛИГИЈА ИЛИ УВЕРУВАЊЕ
- Костаке Милков и Никола Ѓоргон . . . . 30

СОВЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА – ТЕЛО НА ООН ЗА ПРОМОВИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ
- Светлана Вељановска . . . . 39

ИЗВЕШТАИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА – НЕДОВОЛЕН ПРЕДИЗВИК ЗА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА
- Вања Михајлова . . . . 48

(УПРАВНО) СУДСКА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА КВАЛИТЕТЕН АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ
- Ана Павловска Данева и Константин Битраков . . . . 54

УСТАВНАТА УРЕДЕНОСТ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО РЕГИОНОВ
- Маја Стојаноска . . . . 66

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ПОРАДИ КРАЈНА ИТНОСТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА НА КОВИД-19
- Александра Роглева и Кирил Јорданов . . . . 76

ДИСПОЗИТИВНАТА ВОЛЈА И РАСПОЛАГАЊА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО
– Анета Бошковска. . . . . 84

РЕФЛЕКСИЈАТА НА РИМСКОТО МОНИСТИЧКО СФАЌАЊЕ ЗА ПРАВНАТА ПРИРОДА НА ПРАВОТО НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА ВО МОДЕРНАТА НАУКА НА ГРАЃАНСКОТО ПРОЦЕСНО ПРАВО
- Дијана Ѓорѓиева и Зорица Стоилева . . . . 93

# СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

*Човековите права треба да бидат централна точка во фокусот на државите, како во време на благосостојба, така и во време на криза. Отутка, пандемијата предизвикана од Ковид-19 ги стави државите пред сериозни предизвици за ефикасен пристап преку обезбедување на мерки за справување со здравствена и економската криза, а истовремено ги исправи пред потребата да ги зачуваат основните вредности на демократијата и владеењето на правото.*

**АНЕТА СТОЈАНОВСКА-СТЕФАНОВА | ХРИСТИНА РУНЧЕВА-ТАСЕВ**

# АПСТРАКТ

Трудот има за цел да ја претстави идејата за човековите права и нивната имплементација и заштита во глобалното општество. Авторите прават теоретски осврт и преглед на филозофските теории, како и на донесените меѓународни акти за заштита на човековите права и слободи, а ги претставуваат и политиките и современите предизвици со кои се соочуваат државите и меѓународните организации за ефикасна примена и заштита на човековите права. Воедно, трудот се осврнува и на новите предизвици во поглед на ограничување на човековите права во услови на пандемијата предизвикана од Ковид-19 и нејзините ефекти врз човековите права во Република Северна Македонија во 2020 година. На крајот од трудот се изнесени заклучоци кои поттикнуваат понатамошна научна дебата за бариерите на меѓународните организации за заштита на човековите права, за подготвеноста на државите да ја подобрат заштитата на човековите права, како и да го ограничат своето право на сувереност во корист на меѓународна заштита на човековите права на ниво на кое инсистира меѓународната заедница.

**Клучни зборови:** човекови права, држави, меѓународни организации, меѓународна заштита, КОВИД-19.

# ВОВЕД

Човековата природа, која претставува извор на човековите права, се заснова на моралното сфаќање на човековите можности. Таа укажува што човечките суштества можат да станат, а не што биле историски или „се" во некоја научно одредлива смисла. Човековите права се базираат на сфаќањето за достоинствен животот кој „по природа" им одговара на човечките суштества. Доколку правата кои соодветствуваат за човековата природа, се имплементираат и стапат во сила, тие би требало да помогнат во создавањето на замислениот тип личност, онаква личност која ќе биде достојна за таков живот. Ефикасната имплементација на човековите права, на тој начин, личи на себеисполнувачко морално пророштво.

Најсинтетизирно кажано, човековите права претставуваат збир од принципи и норми создадени врз основа на признавањето на човековото достоинство и разлики кои имаат за цел обезбедување на почитувањето на тоа достоинство во две димензии – „човек - човек" и „човек - општество", а цел е - нивниот развој. Човековите права се универзални, неотуѓиви, неделиви и апсолутни, а нивниот развој е поделен во генерации, на: основни, граѓански, политички, економски, социјални, културни и еколошки права.[1]

Идејата за човековите права се смета дека постои од моментот на создавањето на човековата општествена заедница и го објаснува односот на човекот кон заедницата и кон своето битие, односно кон природата. Денес, парламентарната демократија може да се смета за главен промотор на човековите права. Ако ги погледнеме филозофските традиции на идејата за човековите права, јасна е нивната поврзаност со либералната традиција во Европа.

Како што вели Фредерик Полк[2] „природното право е замислено како темелен принцип на адекватност, земајќи ја предвид човековата природа како рационално и општествено битие". Нововековниот процес на борба за човековите слободи и права го претставуваат имињата како: Русо, Монтескје, Дидро, Волтер, Пуфендорф и други. И, историските револуции како Францускатa и Декларацијата од 1789; Магна Карта од 1215 година, Хабеас Корпус Акт и Повелбата за правата од 1689; американската Декларација за правата, од 1774 година и, конечно, Универзалната декларација за правата на човекот од 1948 година. Природните права станаа темел на сите човекови права.

1 Ананиев Јован, (2004), "Граѓанскиот сектор како иницијатор и набљудувач во заштитата на човековите права", Прирачник Граѓански Практики, Македонски Центар за Меѓународна Соработка, Графохартија-Скопје, стр.45.

2 Фрчкоски Љ.Д., Тупурковски В., Ортаковски В., (1995), Меѓународно јавно право, Табернакул-Скопје, стр.105

За несреќа, ниедна филозофска теорија на човековата природа не е широко прифатена. Иако консензусот не е мерка на вистината, без консензус секоја посебна теорија – и секоја акција што се базира врз неа – е подложна на напади. Проблемот станува уште потежок кога ќе се увиди дека многу теории на моралот и теориите за човековата природа што стојат зад нив, ги одрекуваат човековите права.

На пример, **марксизмот** ги објаснува моралните верувања со класната структура и борба, коишто се одредени од средствата и начинот на производство. **Радикалните бихејвиористи** ја гледаат човековата личност како резултат на условување. И во двата случаја „човековата природа" е резултат на историски процеси коишто ги обликуваат човечките суштества според општествено пропишани модели, а не е одраз на вродената суштина или потенцијал. За следбениците на обете теории, говорењето за еднакви и неотуѓиви права што ги имаат сите луѓе само поради тоа што се човечки суштества е бескорисно.

**Утилитаризмот**, кој ги постигна своите класични формулации во трудовите на Џереми Бентам и Џон Стјуарт Мил, во првата половина на деветнаесеттиот век, исто така е во „кавга" со човековите права. Утилитаријанците сметаат дека моралниот квалитет на еден чин зависи од неговите добри или лоши последици (корисност). Доброто и лошото, следствено, се работа на задоволство и болка (коишто обично се сфаќаат во суптилна и широка смисла). Принципот на корисност, или она што Бентам го нарекува - принцип на најголема среќа, бара од нас да дејствуваме за да ја направиме максималната рамнотежа на задоволството и болката.

**Моралните и политичките теории** што ги истакнуваат разликите меѓу заедниците исто така, најверојатно, ќе бидат инкомпатибилни со идејата за човековите права. Античките Хелени се сметале себеси за вродено супериорни над „варварите" (нехелените), на кои не им следувал третман како за Хелените.[3]

Но, исто така, има и многу различни основи за оправдување на човековите права. **Човековите права** често беа сметани **како дадени од Бога.** Алан Гривит заговараше дека имаме човекови права на оние нешта коишто се неопходни за да дејствуваме како морална сила.[4] Џек Донели[5] пишува за видување на човековите права како социјални и политички гаранти неопходни за заштита на поедниците од вообичаените закани за човековото достоинство што ги претставуваат модерната држава и модерните пазари.

## ПРЕГЛЕД НА АКТИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во меѓународното право примарен субјект е државата, па оттука и државата е одговорна за правата на своите граѓани и таа има обврска да ги застапува нејзините државјани во рамките на меѓународното право.

Прв меѓународен текст кој се однесува на заштита на човековите права во XIX век е обидот за регулација на трговијата со робови. Потоа следуваат Парискиот договор од 1814 година, Виенскиот конгрес и Парискиот договор од 1815 година, како и конгресите во Ахена во 1818 и во Верона во 1822 година, кои ја истакнаа потребата од укинување на ропството и забраната на трговијата со робови, не предвидувајќи строги меѓународни обврски за државите на ова поле.[6] Најцелосни мерки за укинување на трговијата со робови се предвидени со Бриселскиот конференциски акт од 1890 година. Договорите од Монтреал 1762 година, Женевските конвенции од 1864 и 1929, како и Хашките мировни конференции од 1899 и 1907 година, и тие се сметаат за особено значајни

3 Донели Џек, (2004), Меѓународни човекови права, МИ-АН, СКопје 2004, стр.30.
4 Alan Gewirth, Human Rights: Essays on Justification and Aplication ( University of Chicago Press, 1984).
5 Jack Donnelly, Universal Human Rights in Theory and Practice (Ithaca: Cornell University Press, 1989), поглавја 1-3.
6 Фрчкоски Љ.Д., Тупурковски В., Ортаковски В., supra note 2

за развојот на меѓународното право за човековите права, особено во повоените периоди за заштита на жртвите од војните.

Силниот етички елемент изразен низ идејата за човековите права, инаугуриран од претседателот на САД, Вудроу Вилсон, во времето на создавањето на Лигата на народите е составен дел од нашето поимање на односите во и меѓу државите и денес.[7] Основањето на Организацијата на обединетите нации и усвојувањето на Општата декларација за правата на човекот на 10 декември 1948 година од страна на Генералното собрание на ООН означи една нова епоха на полето на меѓународно-правното уредување и изгради целосен систем на заштита на човековите права.

Генералното собрание на ООН во 1966 година усвои два посебни документа: Меѓународен пакт за граѓански и политички права на човекот и Меѓународен пакт за економско-социјални и културни права и Факултативен Протокол кон Пактот за граѓански и политички права на човекот, кои се одраз на напорите на меѓународната заедница да се воспостави меѓународно-правен систем кој државите ќе го почитуваат. На 4 ноември 1950 година беше донесена Европската конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи, со која владите на европските држави ја истакнаа подготвеноста за меѓународно-правна заштита на човековите права.

Европскиот систем на заштита за човековите права свое влијание оствари и на американскиот континент каде во 1969 година, на Конференцијата на американските држави во Сан Хозе, е донесена и Американската конвенција за правата на човекот. Ваква интеграција е остварена нешто подоцна и меѓу државите на Африка и Азија. Но, постоењето на меѓународни норми, само по себе, не им дава овластување на Обединетите нации да истражуваат како државите ги имплементираат или не ги имплементираат тие норми.[8]

Договорите за човековите права, заедно со Универзалната декларација, претставуваат темелно претставување на нормите на меѓународните човекови права и стандарди на однесување кон кои треба да се стремат сите држави. Овие три документи, кои колективно се нарекуваат Меѓународни акти за човековите права, претставуваат сумарно поставување на минимумот општествени и политички гаранции признаени од страна на меѓународната заедница како неопходни за достоинствен живот во современиот свет.[9]

Самата сеопфатност на договорите значи дека понатамошниот голем прогрес во меѓународната акција во интерес на човековите права првенствено ќе лежи во имплементирањето (или надгледувањето на имплементацијата) на овие стандарди – област во којашто Обединетите нации покажуваа, и сé уште покажуваат, многу помал успех. Треба да се нагласат строгите структурални ограничувања што им се наметнати на Обединетите нации (ОН).

Имено, тие се меѓувладина организација основана на 25 октомври, 1945 година во Сан Франциско со Повелбата на ОН, што претставува спогодба меѓу суверени држави. Нејзините членки се суверени држави. Делегатите во Обединетите нации претставуваат држави, не меѓународната заедница, а воопшто не поединци чиишто права се повредени. Како и за другите меѓувладини организации, ОН ги имаат само оние овластувања кои државите – коишто истовремено се главните повредувачи на човековите права – им ги даваат. Иако ОН располага со ограничени овластувања да ги надгледува човековите права, изненадува фактот што ОН, воопшто ја добиле дури и ваквата ограничена моќ. Сепак, државите имаат должност да ги почитуваат, заштитуваат и исполнуваат човековите права.

Во многу случаи, имплементацијата значи дека државата, односно нејзините органи треба да ги почитуваат прифатените права, на пример да го почитува правото на приватност или правото на изразување. Ова особено се однесува на граѓанските и политичките права, додека, пак, кај економските, социјалните и културните права имплементацијата подразбира позитивно

7 Малески Д., (2000), Меѓународна политика, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, стр.41

8 Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) Human Rights as a subject of world politics. US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)

9 Донели Џек, supra note 3

дејствување од страна на државата во насока на нивно исполнување, односно потребно е да се исполнат или овозможат одредени услуги како образование и здравство и да се обезбедат одредени минимални стандарди. Во овој контекст, особено е важно да се има предвид капацитетот на секоја држава за исполнување на овие обврски. Должноста за заштита налага државата да го спречи насилството и другите повреди на човековите права меѓу луѓето на нејзината територија. Согласно со ова, човековите права имаат и „*хоризонтална димензија*", којашто добива сé поголемо значење во ерата на глобализацијата, покренувајќи го прашањето за општествената одговорност на меѓународните корпорации.

Друг тренд на развој претставува и сé поголемото нагласување на спречувањето на кршење на човековите права по пат на структурни мерки, односно преку националните институции или преку вклучување на димензијата на човековите права во операциите на зачувување на мирот. Спречувањето е, исто така, приоритет и на пристапот на човекова безбедност кон човекови права.[10]

Покрај ова, општо прифатен е заклучокот дека невладините организации за човекови права одиграа важна улога во озаконувањето на меѓународната грижа за човековите права. Лобирањето токму на невладиниот сектор во светски рамки, помогна јазикот на човековите права да влезе во Повелбата на Обединетите нации.  Иако граѓанските организации го немаат правото да го санкционираат кршењето на човековите права и на тој начин да се јават во позиција на заштитник во целосна смисла на зборот, сепак, тие се имаат изборено за значајно место во целокупната заштита на правата.[11]

Секое природно право или основно право на човекот има три заемно поврзани должности: должноста за секој, вклучувајќи ја и државата, да се воздржува од негово кршење, должноста предметното право да се штити од кршење и должноста да се овозможи негово остварување.[12]

Инструментариумот за реализирање и заштита на човековите права може да биде статичен или динамичен. Статичните инструменти подразбираат постоење на минимум уставни и законски гаранции за човековите права, додека динамичните подразбираат државен ангажман во нивното остварување. Втората група инструменти ја нагласува улогата и обврската на државите да ги застапуваат правата на индивидуите пред форумите на меѓународната заедница.

## СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ГЛОБАЛНО НИВО

Човековите права се само еден дел од надворешната политика. Теоретичарите заклучуваат дека дури и добронамерните и доброосмислени политики за меѓународни човекови права се соочуваат со огромни национални и меѓународни бариери. Во некои околности, други цели на политиката можат да бираат или да оправдуваат соработка со репресивни режими. Но, во практика, надворешните ограничувања и конкурентните интереси многу често служеле и како изговор за недејствување, а не како основа за разумни политички согледувања.

После неколку децении успешно поставување стандарди за човековите права, главниот предизвик е имплементацијата од страна на државите, односно спроведувањето на преземените обврски. Се развиваат неколку нови методи со цел да се зајакне остварувањето на човековите права како на локално и национално, така и на глобално ниво. Меѓу нив спаѓа и проактивниот пристап на меѓународната заедница, којашто сега вклучува офицери за човекови права во меѓународните мисии и на тој начин се институционализира разгледувањето на прашањата за човекови права на теренот, што се очекува да има значајно превентивно дејство.

10 „Разбирање на човековите права", (2008), Македонски Информативен Центар во соработка со Директоратот за јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Печатница Европа 92, Кочани, стр.34.

11 Ананиев Јован, (2004), "Граѓанскиот сектор како иницијатор и набљудувач во заштитата на човековите права", Прирачник граѓански практики, Македонски центар за меѓународна соработка, Графохартија-Скопје, стр.49.

12 Фрчкоски Љ.Д., Тупурковски В., Ортаковски В., supra note 2

Реформата на системот за човекови права на ОН, преку заменување на Комисијата за човекови права со Советот за човекови права треба да резултира со значајно зајакнување на институциите за човекови права. Почитувањето на човековите права, исто така, се зајакнува на локално и национално ниво по пат на градење на капацитетот за човекови права на локалните институции, односно преку градовите на човекови права и воспоставувањето национални институции за унапредување и следење на човековите права, кај кои важна улога играат невладините организации како претставници на граѓанското општество. Современата ера на човекови права може да се следи во борбите за ставање крај на ропството, геноцидот, дискриминацијата и угнетувањето на владата.

Државите ширум светот, денес, можат да придонесат кон развојот на човековите права преку:[13]

- создавање уставни гаранции за човековите права;
- обезбедување начини за лица кои претрпеле кршење на човековите права од страна на владата, да можат да побараат правни лекови од домашните и меѓународните судови;
- потпишување на меѓународни договори за човекови права;
- гонење на сторителите на кршење на човековите права, како што се кривични дела од семејно насилство;
- едукација на луѓето за човековите права и важноста од почитување на човековите права на другите;
- соработка со меѓународната заедница во спречување и гонење на злосторства против човештвото и други повреди;
- обезбедување на бесплатно, висококвалитетно јавно образование;
- изграден систем на јавен бранител, така што сите луѓе ќе имаат пристап до адвокат;
- обезбедување на пристап до храна со финансирање на програми за јавна помош;
- финансирање на јавни едукативни кампања за правото на глас итн.

Во исто време, постојните човекови права може да станат повидливи преку фокусирање на „основните права“, за што сведочи и пристапот на Меѓународната организација на трудот.

Нови предизвици, исто така, можат да се видат во потребата од посветување поголемо внимание на меѓусебната поврзаност на човековите права и хуманитарното право, како што се „основните стандарди на човештвото“. Тоа се однесува и на односот меѓу човековите права и правото на бегалците, којшто постои како на планот на спречување на проблемите со бегалците, така и на планот на враќање на бегалците. И во обата случаја одлучувачко влијание има состојбата со човековите права во земјата на потекло на бегалците.[14]

Бројни се предизвиците со кои се соочуваат човековите права: сиромаштија и глобални нееднаквости, дискриминација, вооружени конфликти и насилство, неказнивост, демократски дефицит, слаби институции итн., а нивната имплементација често се наоѓа пред проблемите поврзани со знаењето, капацитетот и посветеноста за спроведување на јавните политики.

Меѓу најновите предизвици е и ненадејната појава и ширењето на корона вирусот, кој како да ја тестираше (не)подготвеноста на државите на светско ниво да се справат со здравствената криза, а потоа и со тешката економска криза предизвикана од ограничувања на слободата на движење.[15] Прогласувањето на вонредна состојба во поголем број земји беше прв чекор кон ограничување на човековите права, проследено со воведување на уште многу рестриктивни

13 The advocates for human rights, What are human rights and why are they important?, линк: https://www.theadvocatesforhumanrights.org/human_rights_basics#HR%20Characteristics, последно пристапено 21.03.2021

14 „Разбирање на човековите права“, (2008), Македонски Информативен Центар во соработка со Директоратот за јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Печатница Европа 92, Кочани, стр.49.

15 Институт за човекови права, (2020) „Состојбата на човековите права во Република Северна Македонија“, стр.22, линк: Izveshtaj za covekovite prava vo RSM 2020.pdf (ihr.org.mk) последно пристапено 20.03.2021

мерки со кои се ограничуваа слободата на движење во вид на мерки за изолација и карантин, со цел да се заштити јавното здравје. Имајќи ја предвид природата и сериозноста на пандемијата, јасно беше дека преземените мерки неизбежно ќе навлезат во правата и слободите кои се интегрален дел од демократското општество.

## СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА - ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СО КОВИД-19

Пандемијата на Ковид-19 предизвика глобална здравствена, економска и социјална криза, од која не беше исклучена и Република Северна Македонија (РСМ). Состојбата со пандемијата прогласена на 11 март 2020 година ја затекна државата во специфични услови на предизборие, со распуштен законодавен дом и техничка Влада формирана според Пржинскиот договор.

Вонредната ситуација предизвикана од заканите од корона вирусот по јавното здравје и економијата, како и потребата од преземање итни мерки, беа причини техничката Влада да предложи прогласување на вонредна состојба во нашата земја. Имајќи ја предвид природата и сериозноста на ситуацијата, очигледно е дека преземените мерки неизбежно навлегоа во правата и слободите кои се интегрален и неопходен дел од демократското општество.

Согласно член 54 од Уставот на РСМ, „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба". Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната определеност на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.[16]

Всушност, меѓународната правна рамка за човекови права предвидува можности за ограничување на определени човекови права во вонредни состојби, особено во насока на заштита на здравјето на луѓето. Европската конвенција за човекови права во членот 15 предвидува можност за дерогација (ограничување) на определени обврски кои произлегуваат од Конвенцијата на определено време и под определени услови односно доколку постои „вонредна состојба", војна или друга општа опасност која го загрозува животот на граѓаните.[17]

Според член 15, дерогацијата не зависи од формалното прогласување на вонредна состојба или некој сличен режим на национално ниво. Истовремено, за секоја дерогација мора да постои јасна основа во домашното законодавство за да постои заштита од произволност и мора да биде строго неопходна за борбата против јавната вонредна состојба. Државите мораат да имаат предвид дека сите преземени мерки треба да се стремат да го заштитат демократскиот поредок од заканите кон него и треба да дадат сè од себе да ги заштитат вредностите на едно демократско општество, како што се плурализмот, толеранцијата и слободоумноста.

Во „Збирката на алатки за земјите членки" на Советот на Европа се потенцира дека во таква ситуација, иако судот ги прифатил дерогациите за да се оправдаат одредени исклучоци од стандардите на Конвенцијата, тие никогаш не можат да оправдаат каква било постапка што е во спротивност со најважните барања од Конвенцијата за законитост и пропорционалност.[18]

---

16 Член 54, Устав на РСМ, линк: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, последно пристапено 19.03.2021

17 Европска конвенција за човекови права, линк: http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/1.-Convention_MKD.pdf, последно пристапено 18.03.2021

18 Совет на Европа, (2020), Збирка на алатки за земјите членки, Почитување на демократијата, владеењето на правото и човековите права во рамки на санитарната криза поврзана со КОВИД-19, линк: https://rm.coe.int/covid-toolkit-ms-mkd/16809e3c21, последно пристапено на 20.03.2021

Извештајот на Институтот за човекови права насловен „Состојбата на човековите права во Република Северна Македонија“,[19] објавен во 2020 година, ја констатира состојбата со човековите права во РСМ за време на пандемијата од Ковид-19. Во Извештајот се наведува:

- Здруженијата на граѓани изготвиле голем број извештаи кои се однесуваат на прекршувања на правата на луѓето во време на пандемија, но и за состојбата на судството, остварувањето на правата на локално ниво и состојбата со корупацијата;
- Припадниците на ромската етничка заедница се посочени како едни од најранливите групи во изминатиот период, со оглед на постојаната маргинализација, исклученост, но и социјалниот статус;
- За време на пандемијата бројот на ЛГБТ лица кои побарале поддршка од здруженијата на граѓани бил зголемен за 50% споредбено со претходните години, а најмногу во делот на психолошката поддршка;
- Голем број жени побарале правна помош во изминатиот период за заштита од семејно насилство;
- Центрите за социјална работа биле со намален капацитет поради работењето во смени, поради што маргинализираните заедници не можеле да го добијат соодветниот третман; итн.

Во извештајот на Институтот за човекови права е нотирано дека во повеќе објавени истражувања,[20] релевантни извештаи и упатства се напоменува дека е задолжително да се осигура почитувањето на владеењето на правото и демократските начела кои мора да преовладуваат и во време на вонредни состојби. Така, при носење на било какви мерки е неопходно почитувањето на начелото на законитост, начелото на пропорционалност, начелото на неопходност и начелото на недискриминација.

„Со Ковид-19, брзата и глобална здравствена криза се судри со многу побавни и позасилени политички, социјални и економски кризи низ целиот свет“, наведе високиот комесар Мишел Бачелет пред Советот за човекови права на Обединетите нации.[21]

Од погоре наведеното може да се констатира дека пандемијата од КОВИД-19, освен што влијаеше директно на практикувањето и ефикасната заштита на човековите права, таа дополнително ги истакна нееднаквостите во услови на недоволен број на вакцини потребни за имунизација, зголемувањето на нивото на екстремна сиромаштија, порастот на бројот на невработените и економската штета.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Човековите права се стандарди што им овозможуваат на сите луѓе да живеат достоинствено, во слобода, еднаквост, правда и мир. На секој поединец му припаѓаат сите овие права едноставно заради фактот што се човечки суштества. Тие се загарантирани за секого без разлика на раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус. Човековите права се од суштинско значење за целосен развој на поединците и заедниците.

19 Институт за човекови права, supra note 15.

20 Ibid. Совет на Европа. 2020. Збирка на алатки за земјите-членки, Почитување на демократијата, владеењето на правото и човековите права во рамки на санитарната криза поврзана со КОВИД-19 (SG/Inf(2020)11). Преземено од https://rm.coe.int/covid-toolkit-ms-mkd/16809e3c21; Обединети нации. (2020). COVID-19 and Human Rights: We are all in this together (Policy brief). Преземено од https://www.un.org/victimsofterrorism/sites/www.un.org.victimsofterrorism/files/ un_-_human_rights_and_covid_april_2020.pdf; 19 Pandemic (Policy brief). Преземено од http://www.isshs.edu.mk/wp-content/uploads/2020/04/The-State-of-Democracy-inNorth-Macedonia-in-the-Times-of-the-Covid-19-Pandemic.pdf, последно пристапено 21.03.2021

21 Атанасов, Гоце (2020). Ковид-19 ги влоши човековите права и го запре напредокот во здравството. Радио Слободна Европа, Ковид-19 ги влоши човековите права и го запре напредокот во здравството (slobodnaevropa.mk) последно пристапено 21.03.2021

Практикувањето на Универзалната декларација за правата на човекот потврди дека овој документ по својата содржина претставува стандард кој е прифатен во најголемиот број земји во светот, а нејзините одредби во најголем дел се имплементирани и во внатрешното право на државите.

После неколку децении успешно поставување стандарди, главниот предизвик за човековите права е имплементацијата од страна на државите, односно спроведувањето на преземените определби. Се развиваат неколку нови методи за да се зајакне остварувањето на човековите права како на локално и национално, така и на глобално ниво.

Меѓу нив се наоѓа и поактивниот пристап на меѓународната заедница, којашто сега вклучува офицери за човекови права во меѓународните мисии и на тој начин се институционализира разгледувањето на прашањата за човекови права на теренот, што се очекува да има значајно превентивно дејство. Реформата на системот за човекови права на ООН, преку заменување на Комисијата за човекови права со Советот за човекови права треба да резултира со значајно зајакнување на институциите за човекови права.

Почитувањето на човековите права, исто така, се зајакнува и преку градење на капацитетот за човекови права на локалните институции, односно преку градовите на човекови права и воспоставувањето национални институции за унапредување и следење на човековите права, во коишто важна улога играат невладините организации како претставници на граѓанското општество. Се уште постои потреба од утврдување стандарди во неколку области кои предизвикуваат загриженост, како што може да се види од тековната работа во Обединетите нации и од целите на ООН Агендата за одржлив развој 2030.

Човековите права се подразбира дека треба да се централна точка во фокусот на државите, како во време на благосостојба, така и во време на криза. Отутка, пандемијата предизвикана од Ковид-19 ги стави државите пред сериозни предизвици за ефикасен пристап преку обезбедување на мерки за справување со здравствена и економската криза, а истовремено ги исправи пред потребата да ги зачуваат основните вредности на демократијата и владеењето на правото. Мерките за борба против Ковид-19 опфаќаа и ограничувања што директно влијаеа на човековата слобода на движење, но, од друга страна, беше важно да се води грижа, овие мерки да бидат од времен карактер и да се пропорционални со заканата од ширење на вирусот, со цел да се заштити здравјето на граѓаните во државите кои се определиле да ги преземат.

Пандемијата уште еднаш ги нагласи повиците да запре дискриминацијата од сите видови, да се преземат мерки за надминувањето на нееднаквоста во смисла на заштита на економските, социјалните и културните права и да се зајакне солидарноста и почитувањето на човековите права.

**(*Авторката Анета Стојановска-Стефанова е* Доцент на Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, e-mail: aneta.stojanovska@ugd.edu.mk. *Авторката Христина Рунчева-Тасев е* Вонреден професор на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, e-mail: h.runchevatasev@pf.ukim.edu.mk)**